Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

## ШТО ПРЕТСТАВУВА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ?

Правото на сопственост означува дека нешто е ваше, што се потврдува со соодветни документи издадени од надлежни органи.

На пример:

- ✔ сопственоста над куќата се покажува со имотен лист кој го издава Агенцијата за катастар на недвижности
- ✔ сопственоста на автомобилот се покажува со сообраќајната дозвола која ја издава Министерството за внатрешни работи.

## КАКО ДА ГО ЗАШТИТАМ СВОЕТО ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ?

**Првиот чекор** кон заштита на правото на сопственост е токму тоа – **запишување на сопственоста во соодветните институции**.

Кога во Агенцијата за катастар на недвижности сте запишани како сопственици, друг не може без ваша согласност да се запише како сопственик.

## ШТО Е ТОА ДОГОВОР ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА



Со Договорот за доживотна издршка, едно лице се обврзува **доживотно да го издржува примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката во надомест му го остава** целиот свој имот или определен дел од имотот, чие предавање е **одложено до неговата смрт**.

Договорот секогаш се склучува во писмена форма и се заверува во суд или нотар, во присуство на двајца сведоци.

По оваа постапка, Договорот за доживотна издршка се запишува во јавните книги, односно во Агенцијата за катастар на недвижности.

Договорот може да се раскине спогодбено, на истиот начин на кој бил склучен.

## КАКО СЕ ПОВЕДУВА ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА?

За поведување на оставинска постапка, се поднесува **Предлог за отварање на оставина до судот на чие подрачје живеел починатиот**. Заедно со предлогот, треба да се достават и следниве документи:

- ✔ Извод од матична книга на умрени за оставителот;
- ✔ Доказ за сопственоста на оставителот што е предмет на оставина (имотни листови, штедни книшки, сообраќајни дозволи, дозволи за користење на оружје)
- ✔ Извод од матична книга на венчани за брачниот партнер на оставителот;
- ✔ Извод од матична книга на родени за децата на оставителот;
- ✔ Изводи од сите други лица кои се јавуваат како наследници на оставителот.

Потоа судот го распределува предметот до овластен нотар, кој по разгледувањето на предметот, ги повикува наследниците за да ја распределат оставината. Секој наследник може да го прифати или да се откаже од наследството.

На крајот, нотарот носи Решение, врз основа на кое се спроведува промената на сопственоста врз наследениот подвижен и недвижен имот.

## ДАЛИ МОЖАМ ДА НАСЛЕДАМ ДОЛГ ВО ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА?

Доколку оставителот со оставината оставил и долгови, наследниците го наследуваат и долгот во обем кој одговара на оставината која ја наследиле.

## ШТО Е ПОСТАПКА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА?

Експропријација е одземањето и ограничувањето на правото на сопственост и на имотните права на недвижности заради реализација на јавен интерес утврден со закон, а заради градење на објекти и изведување на други работи.

Експропријацијата може да биде:

- ✔ **Потполна** – кога престанува правото на сопственост над имотот на физички или правни лица, и имотот преоѓа во сопственост на државата, на локалната самоуправа или на градот Скопје, и
- ✔ **Непотполна** – кога правото на сопственост се ограничува, и се воспоставува право на службеност во корист на државата, локалната самоуправа и градот Скопје.

За експроприраната недвижност припаѓа **праведен надоместок** кој не може да биде **понизок од пазарната вредност на недвижноста**, а паѓаат на товар на оној кој ја предложил експропријацијата.

## ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ АКО ГРАДАМ БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА?

Градењето без одобрение за градба, или со надминување на одобрението за градба, претставува **инвестирање во бесправно изграден објект** кој, согласно Законот за градење **се отстранува**.

Градењето без одобрение за градба, како и надминување на одобрението на градба, претставува кривично дело, за кое Кривичниот законик предвидува казна затвор од три до осум години.

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- ✔ Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- ✔ Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- ✔ Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | **071 205 324** |
| Битола | **071 223 392** |
| Македонски Брод | **071 223 075; 078 640 786** |
| Виница | **071 213 964** |
| Валандово | **071 213 925** |
| Гевгелија | **071 224 678; 071 216 267** |
| Гостивар | **071 223 180** |
| Дебар | **071 223 768** |
| Делчево | **071 283 948** |
| Демир Хисар | **075 766 695** |
| Кавадарци | **075 659 855** |
| Кичево | **071 224 652** |
| Кочани | **071 221 580** |
| Кратово | |
| Крива Паланка | **071 224 580** |
| Крушево | **071 227 808** |
| Куманово | **071 227 962** |

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Неготино | **071 223 191** |
| Охрид | **071 221 908** |
| Прилеп | **076 232 886** |
| Пробиштип | **078 330 434** |
| Радовиш | **070 261 310** |
| Ресен | **071 221 246** |
| Свети Николе | **071 227 862** |
| Струга | **071 223 015** |
| Струмица | **071 224 526** |
| Тетово | **071 227 893** |
| Велес | |
| Штип | **071 221 484; 070 821 089** |
| Карпош | **071221381** |
| Центар | **078 442 006** |
| Кисела Вода | **071 224 104** |
| Гази Баба | **071 213 798** |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА **БЕСПЛАТНА**
**ПРАВНА ПОМОШ**

**www.pravnapomos.mk**

Фотографии: freepik.com – © Сите права се задржани 2021

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Република Северна Македонија
Министерство за правда